КАРАТЕ ФЕДЕРАЦИЈА НА РС МАКЕДОНИЈА
KARATE FEDERATION OF N. MACEDONIA

Жиро сметка 300000000727536 ДБ 4030001413865 Комерцијална банка - Скопје
Столтенбергова бр.1 1000 Скопје, Членка на Светската карате федерација WKF;
Европската карате федерација EKF и Карате федерацијата на Балканот KFB.
Тел/факс. ++ 389 2 32 24 994; www.kfm.com.mk; e-mail:contact@kfm.com.mk

Врз основа на член 37 став 1 алинеја 29 од Статутот на Карате федерацијата на РС Македонија, Извршниот одбор на својата седница одржана на ден 13.12.2025 година, ја донесе следната

ОДЛУКА

1. Трошоците за селекторите (тренерите) кои ќе бидат дел од официјалната делегација на Европското првенство за кадети, јуниори и помлади сениори У21 во Лимасол, Кипар (06-08.02.2026 година), а кои ќе учествуваат на предавањата за стекнување лиценца за WKF тренер и потоа ќе ги полагаат тестовите за добивање на WKF сертифицирана тренерска лиценца во кумите (Certified Kumite Coach), ќе бидат целосно рефундирани од страна на Карате федерацијата на РС Македонија.

2. Рефундирањето ги опфаќа трошоците директно поврзани со курсот и испитот за лиценцата, согласно правилата и упатствата на Светската карате федерација (WKF) и Европската карате федерација (EKF).

3. Заинтересираните селектори се должни навремено да се пријават кај федерацијата за вклучување во делегацијата и учество на курсот, согласно утврдените критериуми и рокови.

4. Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави на официјалната веб-страница на Карате федерацијата на Република Северна Македонија.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА КФРСМ
Дејан Чолески с.р.